***<u>ИНТЕРВЈУ СО АМБАСАДОРОТ ЛОРЕНС БАТЛЕР</u>***
***<u>27 септември 2004</u>***

## ИЗБОРОТ Е МЕЃУ СТАГНАЦИЈА И ПАТ КОН ЕУ И НАТО

**Што се последиците од гласање ЗА или ПРОТИВ. За мене последиците се јасни. Ако гласате ЗА, Македонија ќе се соочи со несигурност и стагнирање. Ако го отфрлите референдумот И изберете да одите со изгласаниот пакет за територијална организација кој што ние го погледнавме и имаме доверба во него, знаеме каде тоа води. Со мали несигурности, но овој закон ќе ве однесе директно кон НАТО и Европската Унија без дополнителни одложувања. И тоа е важната работа, рече Батлер.**



**ЛОБИ:** Имавте работен појадок со Меѓународната комисија за Балканот и веројатно дискутиравте за сегашната состојба во Македонија. Како ја оценувате состојбата во земјата?
**Батлер:** Интересна група на луѓе. Во неа се вклучени поранешниот претседател Глигоров, поранешниот американски амбасадор во Бугарија, поранешниот италиански премиер Амато. Интересна група – Грци, Турци, кои имаат доста прошитано и размислувано за Македонија и прашуваа каква е состојбата во Македонија, за спроведувањето на рамковниот договор и кое е моето мислење за 7-ми ноември. Јас ги дадов моите согледувања за последните три години и како Македонија напредуваше од многу несигурно подрачје, каде во одредени области не беше сигурно за полицијата, каде за граѓаните не беше сигурно да патуваат на одредени места. Дискутиравме и за тоа дали каматните стапки за малите и средни претпријатија се многу високи, за спороста на судиите во донесувањето на решенија, за повеќе странски инвестиции. Тие ги оценуваа среднорочните преспективи. За краткорочните преспективи, зборувавме околу тоа што може или неможе да се случи на 7-ми ноември.

**ЛОБИ:** Значи им го дадовте вашето оптимистичко видување на состојбата во Македонија?
**Батлер:** Не. Иако ова можеби е контрадикторно со она што можеби го имам кажано пред некое време, референдумот на некој начин им дава можност на македонците да ја покажат својата зрелост и мудрост за иднината. Секогаш кога граѓаните на оваа земја беа прашани да направат избор, секогаш го правеа вистинскиот. Не гледам дека состојбата станала полоша бидејќи има добра демократска дебата. Луѓето имаат право да го изразат своето мислење, не се согласаат со сите мислења, но ова е можеби еден од ретките моменти кога луѓето истапуваат и кажуваат што тие мислат за референдумското прашање.
Пораката што ја имав за групата утрово беше дека ние не сме неутрални по прашањето за референдумот. Зошто не сме неутрални? Бидејќи референдумот е избор помеѓу 'статус кво' и закон што беше донесен од собранието пред 6 недели, избор помеѓу 123 општини и 84 општини, избор помеѓу неисполнување на рамковниот договор, бидејќи во блиска иднина во случај референдумот да успее, нема да има децентрализација како што е предвидена со рамковиот договор - член 3- силна децентрализирана власт. Доколку пак помине опцијата, а тоа е законот кој што беше донесен, за кој ние и нашите експерти цениме дека ги задоволува минималните технички критериуми за успешно функционирање на општините, се зголемува етничкиот аспект на општините, а не се намалува, се намалува бројот на општините па дури и ММФ и Светска Банка рекоа дека ваквите општини ќе можат да опстанат буџетски со новите обврски кои ќе ги добијат. Многу поважно за нашата преспектива за членство во НАТО, ЕУ и други Евро Атлантски институции е исполнување на рамковниот договор.

**ЛОБИ:** Дали навистина мислите дека референдумот е за територјалната поделба?

**Батлер:** Сигурен сум дека луѓето што ја потпишаа петицијата имаат многу причини. Знам од разговорите со нив дека има различни мотиви и кај дел од организаторите. Некои, мислам на членови на опозицијата би сакале да бидат на власт. Ова го гледаат како можност за предвремени избори, кои можеби ќе ги добијаат и повторно да ја водат земјава. Некои од инволвираните кои се за референдумот се против рамковниот договор. Ако погледнам назад што велеа тие во 2001. Тие не се согласуваа со рамковниот договор тогаш и не се согласуваат сега. Мислам дека некои луге не се за Евро Атлантската интеграција. Ако споредам што велеа во 2001, во 1999 и што велат денес, не гледам многу разлика. И има луѓе кои се со право загрижени дека ова е враќање назад каде бевте во 1996 и би рекол зачекорување кон неизвесност. Луѓето секогаш преферираат 'статус кво'. Она што ме загрижува, а вие знаете дека калта на моите чевлите е од одење низ земјава, е тоа што гледам многу општини каде светлата згаснуваат. Секојдневно во општините низ цела Македонија светлата згаснуваат и тоа мора да запре. Најлошото нешто што може да и се случи на Македонија е она што и се случи во 1996 кога 123 етнички чисти општини беа создадени. Ајде дури и да го заборавиме етничкиот дел, тие не се одржливи, немаат моќ, неможат да градат тротоари, нови училишта, неможат да собираат даноци, тие неможат да направат ништо освен да молат за пари од владата. што значи дека моќта се врати назад во Скопје и граѓаните од сите општини почнаа да доаѓаат во Скопје. И доколку сте од вистинската партија можеби вашата општина ќе добие доволно денари да изгради ново училиште или нешто друго.
Сигурен сум дека има многу мотиви, но ние треба да се фокусираме на последиците. Кои се последиците од гласање "за" или гласање "не". Последиците за мене се јасни. Ако гласате "за" Македонија ќе се соочи со несигурност и стагнација. Политичка збрка, нови избори; можни се секакви сценарија, а јас не би сакал да шпекулирам. Ако се отфрли референдумот и се избере пактетот за локална самоуправа каков што го знаеме и со кој сме согласни, знаеме каде тоа води. Има одредени несигурности таму исто така, но тоа со сигурност води кон НАТО и Европската унија без застанување. А тоа е важна работа. Стагнацијата значи да застанете, да се вртите во круг, ќе има прашања, и можеби и нови лидери и се прашувам дали сакате некои од тие лидери повторно да ја водат земјата. Тие пробаа пред неколку години и не работеа добро, можеби сакаат да ја завршат работата. Или пак сакате да продолжите по овој пат, можеби има одредени прашања, но во демократија секои четири години имате можност да го промените мислењето. Следната можност за промена на мислењето е во 2006. Ние сме согласни со новата територијална организација. Како што веќе реков ние не сме неутрални, не сме непристрасни по ова прашање. Зошто не сме неутрални е поради тоа што сме за рамковниот договор. Мојата земја е еден од сведоците и едни од оние што го гарантираа. Верувам во законот, правото на референдумот е загарантирано со уставот и организаторите ги исполнија сите барања за тоа. Тоа е реалноста. Македонските гласачи треба да изберат.

**ЛОБИ:** Референдумот предизвика одредени политички проблеми. што мислите каде е грешката?
**Батлер:** Кога се искачувам на планина сакам да застанам и да погледнам од каде тргнав и што остана за совладување. При искачување на планина во темница немате чувство за тоа од колку далеку сте стасале и колку сили ќе ви требаат за да стасате каде сте тргнале и за пречките кои ве очекуваат. Од референдумот во 1991 кога Македонците се изјаснија за тоа дали сакаат независност од СФРЈ или не, земјата помина низ низа препреки – двојното ембарго, проблемите со името, проблемите со војните насекаде низ Балканот и поранешна Југославија, проблемите во Косово и Албанија, проблемите со проширувањето на Европската Унија пребрзо или преспоро, нестабилна економија, премногу корумпирани политичари ..сето тоа. Сепак – што Македонија како држава има постигнато досега. Денес таа е единствената на Балканот мултиетничка и мултикултурна заедница. Има вистинска мултиетничка и мултикултурна влада која не гледа само колку пари може да украде. Колку што можам да видам во неа нема повеќе луѓе како Бесник Фетаи и колку пари можам да направам од шеќерот и тоа е она за кое сум тука. Не се сомневам дека прашањето со корупцијата во владата е елиминирано, не сум толку наивен. Сепак, јас гледам дека владата го прави најдоброто како мултиетничка и мултикултурна влада. Гледам влада која е решена да ги исполни високите стандарди за НАТО и работи на патот за влез во ЕУ. Македонија немаше шанса пред две години да добие 5000 прашања и да биде 18 месеци далеку од добивањето мислење од Европската Комисија за тоа колку сте подготвени за членство во ЕУ. Прашањето е и што треба да се направи, а не дали сте подготвени за членство. Сметам дека тоа е извонредно. Фактот дека по 13 години независност, и искуството со внатрешниот конфликт и воени злосторства, каде се уште има исчезнати лица од

конфликтот. Македонија е онаму каде што е денес е тоа е нешто за што Македонија треба да биде свесна и Македонците треба да бидат горди на тоа каде се денес и покрај сите случувања. Прашањето сега е, а за тоа и разговаравме денес на состанокот со групата, е дека јас не гледам нови кризи. Да, секоја земја има потенцијални кризи, вклучувајќи ја и мојата земја, но јас гледам можност, волја и желба за работа. Но луѓето треба да прашаат – во која насока одиме и кој е најдобро квалификуван да не однесе таму? Ќе бидам директен. Дали ги сакате луѓето кои ве однесоа назад, или ја сакате групата која направи силен прогрес на патот кон НАТО и е на ивицата да го добие прашалникот од ЕУ  кој ќе ве внесе во процесот за шленство. Еднаш кога сте внатре веќе нема враќање назад. Но се прашувам дали Македонците сега се малку несигурни во правењето на тој последен неизбежен чекор кон Евро атлантската интеграција. Мислам дека во оваа земја има луѓе кои не сакаат тоа да се случи.

**ЛОБИ:** Но со референдумот сега дали сево ова не го ставивме под знак прашање со сите можни последици?
**Батлер:** Македонија повеќе од било која земја во која што сум работел, искусила многу трагедии и препреки. Оваа година Македонија требаше да биде подалеку отколку што е сега. Загубивте претседател, ние изгубивме пријател на САД, и пријател на обичниот човек во Македонија. Поминавте низ предвремени претседателски избори, смена на премиерот и сега референдумот. И други земји имаат искуство со ваквите нешта исто така и има и други земји во Европа кои не се членки на ЕУ и кои поминуваат исто така низ проблеми. Но, враќање нема. Рамковниот договор го дефинира конечниот статус на Македонија – како мултиетничка држава со територијален интегритет и суверенитет. Нема враќање назад. Ако некој мисли поинаку греши, тоа нема да се случи. Ќе има последици. Но можно е, ако доволно луге не се среќни со економијата или како тие чувствуваат дека владата комуницира или не, имаат капацитет да ја запрат Македонија на патот каде што оди сега. Од историјата се знае дека кога ќе се обидете да запрете можете да се најдете преплавени оо работи кои доаѓаат позади вас. Прашањето дали Рамковниот договор беше правилен или не е нешто што го завршивме во 2001 година. Тој создаде социјален удар. А тоа беше дека луѓето во локалните заедници ќе добијат локална власт. Сега ова е предиизвикот за владата. Владата во наредните шест недели мора многу јасно да ја прнесе пораката зошто договорената територијална организација е помала, покомпактна, со поголема етничка структура. Оние кои велат дека се нарушува етничкиот баланс грешат. На оние кои велат дека со оваа територијална организација се градат нови ѕидови или нови граници внатре во Македонија морам да им кажам дека тие се тие што се обидуваат за некој друг да изградат нови граници. Јас ја гледав етничката структура, Николас Вајт оф Меѓународната Кризна Група истот така мисли дека новиот закон всушност ја подобрува етничката слика, а со неа се спојуваат руралните со урбаните средини и се создаваат одржливи заедници. Светилките се гаснат низ цела Македонија. Тие се гасат поради тоа што луѓето умираат или се иселуваат. И тоа е лошо бидејќи иднината на Македонија може да биде овде и може да биде дел од Европа. Како што вели Али Ахмети вие не градите мали колиби овде, градите дел од поголема Европа.
Прашањето сега е што ќе направи владата од сега па до 7 ноември. Тие мора да да пренесат пораката дека новиот план е добар како и секој друг план, но во моментов е единствениот кој го имаме. Немам видено некој друг алтернативен план подобар од овој. Нема никаков друг алтернативен план –точка.

**ЛОБИ:** За многу луѓе годинава е изгубена година. Се уште немаме ни почнато да се бавиме со економија, со подготовките за пат кон Европа.
**Батлер:** Твоето прашање е на ум на многу гласачи, во главите на луѓето кои го потпишаа референдумот кои веруваа во она што им беше речено дека со ова ќе се подели Македонија. Некои се едноставно незадоволни. Но едно знам: дали луѓето ќе гласаат “да“ или “не“ во голем дел зависи од способноста на владата и граѓаните да сватат кои се изборите. Ако не сте среќни денес, немате работа, вашата сопруга нема работа, дали тоа ќе оди на полошо или на подобро ако му кажете “не“ на нешто што е интегрален дел од рамковниот Договор и кој процес неизбежно ја води Македонија во Европа. Иднината на Македонија е во Европа. Прашањето е колку брзо сакате да доите кон неа. Мислам дека Македонците мислат на своите деца и каква би била Македонија во Европа доколку гласаат “да“ или “не“. Прашањето мора да биде: дали ќе биде подобро ако решиме да одиме понатаму со законот кој ќе стапи на сила на 1 јануари со 84 општини, кој е важен за исполнување на

европските и меѓународните стандарди, кој доби зелено светло од НАТО и ЕУ или сакаме да застанеме и да се справуваме со турбуленциите и промените кои ќе дојдат со тоа?

**ЛОБИ:** Да но дали сте сигурни дека луѓето можат да бидат рационални во вакква ситуација?
**Батлер:** Живеам во и околу Балканот од 1992 година. Од сите места каде што сум живеел и каде што не се плашам од ирационалности - Македонија е тоа место. Секој пат кога Македонците мораа да избираат го направиле вистинскиот избор.

**ЛОБИ:** Дали сте сигурни дека владата во наредните шест недели ќе успее да ја пренесе поракатa дека новиот закон е подобар од стариот, ако се има предвид дека тоа не успеаа да го сторат пред тој да влезе во процедура и за време на расправата во собранието?
**Батлер:** Имам големо разбирање за тао зошто владата од февруари, кога беше помина првата расправа за законот, до јуни, кога коалицијата излезе со конечниот продукт, немаше силна кампања која ќе ја објаснеше корисноста на законот. Тоа е поради тоа што во меѓувреме го изгубивте претседателот, имавте претседтелски избори, и моравте да изберете нов премиер. Сето ова го одзема вниманието. Го разбирам предизвинот кога се обидувате да решите неколку работи во исто време. Законот беше разгледуван и изменето внатрешно од калиционите партнери поради внатрешните притисоци, но и од мислењата од граѓаните. Законот кој на крај беше усвоен во јули е околу 99% истиот закон кон мина во собранието во февруари. Во овој период луѓето имаа шанса да го видат и да решат дали ќе функционира. Овој период ни даде и нам, на меѓународната заедница, можност уште еднаш да го погледнеме. Сега избраната влада мора да излезе и да им го објасни на граѓаните и да биат одговорни за тоа што ќе се случи. Во тоа е и убавината на демократијата бидејќи по одреден разумен период имате можност да речете- вие сте отпуштени, ќе бараме нова влада и ќе го смениме. Но луѓето мора да сватат кои се последиците ако гласаат “да“ или “не“ на 7 ноември. Ќе зависи од нив. Во секој случај не очекува интересен период од шест недели. Владата има можност, но дали ќе успее незнам. Во секој случај се надевам дека е така и дека тие ја сваќаат потребата да бидат успешни во ова. За медиумите е многу важно да го пренесат мислењето на меѓународната заедница. Ние немаме проблем со законот кој помина. Тоа не значи дека нема да се согласиме на некој друг, но тој беше единствениот кој беше понуден на масата. Гледаме дека дел од опозицијата која е мотивирана да стане повторно дел од владата и тоа може да стане во 2006 или сега. Но тука е и обврската за имплементација на рамковниот Договор. Доколку Македонија реши да не го имплементира договорот со тоа што ќе гласа против законот и со тоа навлегуваме во период на држење на одредена состојба односно во задржување. НАТО не оди подалеку, но ниту вие ќе одите поблиску до НАТО, бидејќи вие, граѓаните на Македонија решивте да запрете. Не го гледам ова како анти-албански, анти-НАТО или анти-владин избор. Не знам кои се мотивите, но знам кои се последиците. Ако го одберете овој пат овие се последиците. Ако референдумот е отфрлен, и ако новиот закон остане важечки најлошото што може да се случи е во 2006 може да дојде нова влада и може да го смени доколку не функционира. А во меѓувреме рамковниот Договор е имплементиран и вие одите кон НАТО.

**ЛОБИ:** Овде сте веќе неколку години и имате искуство од соработката со нашите политичари. Какво е вашето мислење за нивниот политички капацитет?
**Батлер:** Политичарите се веројатно најкритикуваната група на луѓе која ја знам. Тие се исто така највредната група на луѓе која ја познавам и кои честопати работат многу за мала сума на пари и малку почит и ценење. Политичарите со кои сум се сретнал во Македонија се многу добри политичари. Од локалните политичари – овде има неколку навистина многу добри локални политичари. Ние инвестираме во развојот на локалните политичари. И ИРИ (Меѓународниот Републикански Институт) и НДИ (Националниот Демократски Институт) имаат програми со кои се помага развојот на капацитетот на локалните политичари кои се во очекување на новите избори во март следната година за да влезат во трката за членови на советот или градоначалници на општините. Сега тие немаат многу одговорности како членови на општинските совети, и немаат многу пари. Мислам дека најмногу им се восхитувам на политичарите кои успеваат да добијат средства од државата или од странските донатори.
На национално ниво мислам дека имате многу добри политичари. Би рекол дека позагрижувачки е состојбата со структурата на политичките партии. Овде мислам, а и вие и јас знаеме дека зборуваме за неколку политички партии кои во моментов се во процес на распаѓање.

**ЛОБИ:** Свесни сме за тоа што се случува во ВМРО-ДПМНЕ. СДСМ ќе се соочи со изборот на нов лидер на партијата. Има мислење дека ДУИ сеуште е партија во процес на формирање бидејќи и по три години сеуште не го одржале ни првиот конгрес. Така да и двете силни партии се соочуваат со силни внатрешни партиски проблеми и односи. Сметате ли дека ова ќе создаде дополнителни проблеми?
**Батлер:** Мојата опсервација на ДУИ, која е најнова македонска партија создадена скоро од ништо, е дека тоа е партија која се развива во многу ефикасна политичка партија. Не ги знам техничко правните аспекти, но во однос на тоа како се однесуваат на теренот, како се однесуваат како парламентарна група и како партиско раководство – би рекол дека се силни и ефикасни. СДСМ има долга традиција. Го следиме случувањето во ВМРО. Сметаме дека е важно во секоја земја, во секоја демократија, да има силна опозиција за да можат партиите на власт да бидат одговорни. Тоа е важно. Но не гледам некакви внатре лидерски прашања на кои вие посочувате. Мислам дека тие се нормални во демократијата. Одамна не сме виделе формирање на некоја нова партија која ќе биде силен предизвик и која ќе земе дел од гласачите на друга партија. Што се однесува до ВМРО сега тоа е сосема поинакво прашање. Имаме блиска соработка со ВМРО-ДПМНЕ и ги гледаме како партија која е десно од центарот и е баланс на владината коалиција.

**ЛОБИ:** Се појавија шпекулации дека ќе се формира нова албанска политичка партија со поддршка на претставници од меѓународната заедница. Исто така се шпекулира дека некои од дипломатите заземаат страна во внатрешниот конфликт во ВМРО дури и со тоа што не издаваат виза. Имате ли коментар?
**Батлер:** Мислам дека би било многу неодговорно за странски дипломат да биде инволвиран во формирање на нова политичка партија освен ако не сме во земја која има вистински проблеми со демократијата. Мислам на примери каде ние активно сме се вклучувале и помагале во формирање партија во земји со диктаторски влади или под комунизам. Не знам каде оваа шпекулација е создадена. Не знам дека било кој член на меѓународната заедница е инволвиран во ова.
Ние исто така не заземаме страна во внатрешната партиска политика. Она што се случува внатре во ВМРО зависи само од луѓето во таа партија. Она што се случи со американската акција во однос на издавање на виза за господин Георгиевски е одлука направена во САД, а се базиран на причините дадени во извршната наредба и нема никаква врска со внатрешните политички работи.

**ЛОБИ:** САД преку Агенцијата за развој (УСАИД) помага во голем мера. Дали сте задоволни со количината на средствата и напорите вложени во различни полиња и дали сте задоволни од ефектите од оваа помош?
**Батлер**: Со УСАИД имаме две цели. Едната е краткорочна со брз ефект во справување со последиците од конфликтот. И тоа е во делот на транзиционите иницијативи кои се одвиваа во областите кои беа зафатени со конфликтот и кои имаа за цел да го неамалат импактот од него. Останатиот дел на УСАИД е подолгорочен и тие се обидуваат да изградат основа и структура за во иднина. Една од овие области е образованието. Тоа е нова област и многу сум задоволен што се нафативме на нешто што ќе биде корисно за Македонија и во иднина, а тоа е европски и меѓународден квалитет во средното и високото образование . Овде и помагаме на Македонија да го надмине транзициониот период и да оди директно онаму каде што е и остатокот од Европа. На економска страна, морам да признам дека ова е област каде не сум многу задоволен. Мислам дека и нашите луѓе во економските програми се фрустрирани со темпото на економските реформи. Сметаме дека тие треба да одат побрзо, дека треба да има помалку бирократија. Мислам дека вашата влада треба да биде помала и да најде начин како да им се тргне од патот на деловните луѓе. Македонската влада е сеуште многу трапава во поглед кон приватниот сектор. Потребни се многу напори за да стартува една компанија. Има премногу министерства, премногу дозволи, премногу пречки кои треба да се прескокнат.
Друг сектор каде мислам дека почнуваме да гледаме некакви резултати се реформите во судството. Се донеодамна бев многу незадоволен со реформите во судството. Ние инвестиравме во подобра организација на судството бидејќи македонските судови се закопани со неважни случаи. Им помагаме во креирање на механизам за подобро и побрзо процесирање на случаите, за да можат да се концентрираат на поважни економски и криминални случаи. Моето незадоволство беше поради немањето волја од страна на македонското судство за внатрешна дисциплина. Доколку судијата е

нечесен, или виновен за недолично однесување како се дисциплинира. Забележав кога минатата недела Републичкиот Судски Совет идентификува тројца судии и ги отстрани поради погрешно однесување во случајот на Изаир Самиу. И реков: “ Браво“. Дали тие се виновни или не незнам но судскиот совет истапи и рече –вие тројцата не ја завршивте добро работата и заради тоа треба да заминете. Ова е многу важно бидејќи испраќа порака до секој судија во земјава дека не се неповредливи, дека не се супермени и дека неможат да седат и да се преправаат дека немаат никаква одговорност ако земале мито. Ако направиш грешка ќе ја изгубиш работата, затоа престанете да правите грешки.

**ЛОБИ**: Дали сте задоволни од соработката со различни нивоа во владата?
**Батлер**: Имаме одлична соработка секаде во владата. Моите колеги во амбасадата или во другите делови на мисијата имаат пристап и лични контакти со секое ниво. Мислам дека се фрустрираат со бирократијата и правните пречки за да се спроведат реформите. И поради фактот што во последните три години повисоките функциониери се бават со итни безбедносни прашања и не се во можност да се фокусираат на внатрешните реформи. А тоа е нешто за што македонските гласачи треба да размислат. Кажете му на Хари Костов и наговата влада дека имаат уште две години да почнат да работат или ќе ја изгубат работата.

**ЛОБИ:** Хари Костов досега и немаше можност да почне да работи…
**Батлер:** Да знам. И на 7 ноември доколку кажете “да“ никогаш и нама да добие шанса да почне. Наредното прашање е: Кој ќе биде следниот? Љупчо Георгиевски како премиер повторно, или Ѕинго, или Тупурковски?

**ЛОБИ:** Што е со амбасадата? Ќе се заврши ли во времето на вашиот мандат овде?
**Батлер:** Јас очекувам да останам во Македоија до некаде ова време идната година. Дури и да почнеме со изградбата на амбасадата утре таа нема да биде завршена до крајот на мојот мандат. Очекуваме дека амбасадата ќе биде изградена до 2007 година и за сега одиме според планот. Она на што не е даден фокус до сега е симболизмот во изградбата на амбасадат од другата страна на Вардар. Како прво, ова нема да биде амбасада каде што ќе се живее. Тоа ќе биде место каде ние ќе работиме, ќе работиме со странки кои бараат виза. Што значи навечер нема да има никој овде. Мислам дека не е некое место кое многумина го посетуваат навечер.
Ова ќе биде имвестиција вредна над 50 милиони долари и поголем дел од овие пари ќе бидат потрочени во Македонија. Ова би можело да биде најголема инвестиција која Македонија ќе ја добие во наредните две години, веројатно поголема дури и од онаа на господин Коч. Амбасадата ќе биде симбол на нашиот интерес во оваа земја. Ние сме овде за да останеме.

###